ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **14.11.2023 година** во 08:30 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, секретар на Општина Крива Паланка **Мартин Николовски,** раководителот на секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфаструктура **Маја Костадиновска**,раководител на Одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,** раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски,** раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски** , раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,**советник за правни работи и застапување **Сања Стојановска** и подршка на градоначалник **Драган Цвијовиќ**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиумот со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар на Општина Крива Паланка</u>**

Задолженија на Секретарот на Општина кои треба да ги изврши во наредниот период , а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година.

1. Да се дефинираат начинот и постапката за продажба Треска со намена за индустрија
2. Да се иницира организација на тим билдинг состанок соопштинската администрација со теми како да се подобрат состојбите во функционирањето на општината и рагледување на интерните процедури. Овој состанок може да се искористи и да се поканат консултантите од УСАИД за презентација на нивните процедури за извршување и следење на Буџето.

3. Да се отпочне со постапка на блокирање на извршнирешенија по основ на данок на имот и фирмарини.
4. Да се рагледа начинот и постапката за воведување во даночниот систем на сите времениобјекти по доставената информација од инспекциските служби.

-Тековни активности.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Задолженија за раководителот на секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфаструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

**1.Проектирање**

- **Параметар**

- Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци,водовод Калин Камен)
- Проектирање кино сала  НУ Центар за култура

- **Аква**

- Водовод Мождивњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, водовод Калин Камен, канализација населба Грамаѓе

- **МГ Проект**

- Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови-Грамаѓе село Конопница
- Уредување на јавни површини ( Градски Музеј двор, просторот околу градски парк покрај течението на Крива Река+ осветлување на Крива Река)

- **Еуро Роад**

- Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала) по стар договор
- проектирање на потпорни стени ОУ Илинден-Пролетер
- Нов налог по новиот договор за реконструкција и рехабилитација на локални улици(Кланица,Ратко Минев, Градец,Трновска мала, Чука)
- Да се стапи во контакт со Јовица Конструктор кој ќе обебзеди цртежи и информации за централната главна улица, истата да се предаде на Слаѓан за изготвување на нов проект на потегот од Единство до станица за технички преглед.

- **Дмензија 360-проектирање на детски катчиња**

- Да се дефенираат проектните задачи и содржините на самите детски катчиња според големината на парцелите  ( Осичка Мала,Спортски комплекс,Згради технички преглед,Домачки Дол,Калин Камен,Конопница)

**2.**Извештај во писмена форма  по однос на постапката и динамиката на Деталните Урбанистички Планови кои се во постапка

**Урбанистичко планска документација**

- 13-ВСогласност МТВ
- 10-А Јавна Анкета
- УП Викенд населба Калин Камен ( почлетна фаза)
- Депонија за инертен отпад- Инпума
- Нови иницијативи од приватни лица
- Да се закаже комисија за урбанизам на која ќе се иницира постапка за носење на планска документација и распишување на јавен повик за избор на планерска куќа за следниве локации:
    - Игралиште село Конопница со намена за Дино Парк
    - Пролетер со намена за станбено домување
    - Пендин вир со намена за Бензинска пумпа
    - Кам маркет со намена домување
    - Калин Камен – Марко и Петре

**ЗАДОЛЖЕНИЕ: СЕКОЈ ПОНЕДЕЛНИК ПРЕД КОЛЕГИУМ ДА СЕ ДОСТАВУВА ИЗВЕШТАЈ ВО ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ЗАВРШЕНИ ЧЕКОРИ**

**3.**Да се започнат подготовки за водење на постапка за продажба на парцелата кај Треска

- Нови записници од Комисија за увид на лице место
- Позитивно мислење од ЈП Комуналец и ЕВН Македонија
- Одлука на совет

**4.** Да се достави извештај од секоја комисија поединечно за легализации на број на сработени предмети и уште колку остануваат решливи предмети**.**

**5**. Да се биде во комуникација со ГИМ за изготовка проектна документација за изградба на локален пат село Конопница Спас-Крст. Извештај до која фаза е проектирањето

**6.** Да се превземат мерки за обезбедување на одобрение за градба изградба на мињор кориот на Крива Река. Или да се разгледа можноста за продолжување на старото одобрение и обезбедување на водостопанска согласност

**7.** По носењето на ГУП, да се стапи во комуникација со ГИМ за усогласување на проектната документација за регулација на коритото на Дурачка Река

**8.** Да се задолжи лице кое ќе работи на пишување на апликацијата за грант од МЖ и подготовка на прашалникот и проектното фише

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

Задолженија за одделението за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

1.Да се направи прегелед и извештај по однос на доставените опомени за блокирање на сметки по однос на данок и останатите да се подготват за достава

2.Да се организира работен состанок со сите раководители и службеникот за јавни набавки по однос на процедурата за извршување и следење на реализација на Буџетот. Да се организира работен состанок со USAID и раководителите од Општина Кр.Паланка. Процедурата да започне да се применува од 01.01.2024. Да се кординира со Секретарот околу терминот.

Со правното одделение да се испратат опомени пред тужба кон сите побарувања кои се кон Општина Крива Паланка

3.Анекс на Договори кои ќе продолжат со реализација за следната година до 15.10.2023 да се изготват

4.Да се испратат до Министерство за финасии развојните програми за 2024-2026

5.Активно да се подготвува Буџетот за 2024 година каде при креирањето да се земат во предвид, нормално доколку имаме буџетска можност следниве препораки

- Распишување на услуга за мобилна телефонија
- Набавка на две половни ѓубрари за ЈП Комуналец со одложено плаќање
- Оперативен финасиски лизинг за набавка на нови две возила за потребите на Општина
- Развојни оперативни програми 2024-2026
- Кофинасирање ( Домачки Дол, проектирање колекторски систем, Борос тампонирање Мизолски ливади, новогодишно украсување, поставување на фотоволтаиции)
- Набавка на урбана опрема клупи за речно корито

-Тековни активности.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Задолженија за одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

1. **Проектирање**
2. 

- **Параметар**
- Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци,водовод Калин Камен)
- Проектирање кино сала НУ Центар за култура

- **Аква**
- Водовод Можднвњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, водовод Калин Камен, канализација населба Грамаѓе

- **МГ Проект**
- Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови-Грамаѓе село Конопница
- Уредување на јавни површини ( Градски Музеј двор, просторот околу градски парк покрај течението на Крива Река+ осветлување на Крива Река)

- **Еуро Роад**
- Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала) по стар договор
- проектирање на потпорни стени ОУ Илинден-Пролетер
- Нов налог по новиот договор за реконструкција и рехабилитација на локални улици(Кланица,Ратко Минев, Градец,Трновска мала, Чука)
- Да се стапи во контакт со Јовица Конструктор кој ќе обебзеди цртежи и информации за централната главна улица, истата да се предаде на Слаѓан за изготвување на нов проект на потегот од Единство до станица за технички преглед.

- **Дмензија 360-проектирање на детски катчиња**
- Да се дефенираат проектните задачи и содржините на самите детски катчиња според големината на парцелите ( Осичка Мала,Спортски комплекс,Згради технички преглед,Домачки Дол,Калин Камен,Конопница)

**2.**Со фирмата КООП,надзорот да да се направат сериозни напори за зголемена динамика на градежните активности на улици од населба Илиндени да се разрешат сите отворени прашања и дилеми кои ќе се уредат соизготвување на Анкес на договорот со кој ќе се затворат сите недостатоци утврдени при самата изведба на терен. Да се даде налог на Белешков и Мелтон за изработка на решетките за атмосферската канализација.

**3**. Фирмата Белешков да започне со градежни активности по дадениот налог за работа

- Илинден решетки за атмосферска канализација
- Скали Трновска Мала
- Бети советничка
- Поправка на калдрмите во трновска мала и Чука
- Уредување на простор измеѓу Соларски мост и ОУ св.Јоаким Крчовски ( Стопанска банка уредување)

**4.** Со фирматаЛабино да се следат и кординираат следниве градежни активности. Со надзорниот орган да се направи соодветен притисок за динамиката на работа.Подизведувач на КООП инжинеринг Куманово. Динамика на завршување на градежните активности 31.11.2023

  - Улица Осоговска , Улица Климент Охридски,  Македонска

5. Елаборат за штети за Белевски дол да се изготви и проследи до Влада на РСМ

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**6.** Да се следи реализацијата на проектот изградба и регулација на Домачки Дол каде фирма изведувач е Цвет компани. Рок на завршување на градежните активности 20.12.2023.

**7.Задолженија за Аце Голубовски**

- Да се постават на светлосни тела на потегот од Бегови Бавчи до Мизолски Ливади на постоечките бандери
- Осветлување на стара вада да се стави во функција
- Да се осветли игралиштето во Мождивњак

**8.**Фирмата Стоименов да ги заврши сте активности по однос на изградбата на тротоарите и пешачката патека Стара вада укажани во записникот од Општина Крива Паланка .На неколку локации има оштетување на тротоарите и ивишњаците и да се повикаме на гарантниот рок.

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**9.**Спецификација за водоводна линија во школото во село Градец

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**10.**Да се започнат подготовки за водење на постапка за продажба на парцелата на Треска

- Нови записници од Комисија за увид на лице место
- Позитивно мислење од ЈП Комуналец и ЕВН Македонија
- Одлука на совет

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**11.** Да се нарача елаборат за експропријација на водовод Вирови-Грамаѓе

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**12.** Со фирмата КОП-Скопје да се следи изведбата на терен за изградба на атмосферска канализација во населба Метролошка. Порамнителен слој на прекопите, испитување на збиеноста на прекпопите и перење на атмосферска канализација.

**13.** Со Дине трејд да се прегледаат сите испратници на извршените услуги.

**14.**Да се даде налог на Лабино за остатокот од договорот за кастрење на гранки по информација на комуналниот инспектор.

**15.** Да се започне со пишување на апликацијата-прашалникот и подготовка на неопходна документација за грснтот од Животна средина.

1. Во програмата за одржување и подигање на јавно зеленило
- Да се додадат сите новоподигнати зелени површини
-Да се испланира изградбата на речното корито од спортски комплекс до Градски Базен
-Набавка на тримери
-Набавка на моторни пили со рачка
-Набавка на мотор

-Набавка на декоративен украсен камен за уредување на жардињери
- подигање на нови дрвореди
-Да се предвидат сите нови содржини кои се предмет на одржување

2. Во програмата за животна средина
- да се предвиди набавка и субвенција на канти за селекција на отпад за секое домаќинство
-наменска набавка за чистење на долови,канали

3. Во програмата за јавна чистота
- да се предвидат сите новоизградени улици
-наменска набавка за генерално машинско чистење и дезинфекција на градот
-Одржување на детските катчиња

- Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Задолженија за одделението за правни и општи работи кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

- **1.**Да се распише јавен повик за продажба на објект сопственост на Општината.
- **2**. Да се продолжи со доставата на решениата за блокирање на сметки по однос на данок на имот на правни и физички лица. За оваа активност да се ангажираат дополнително лица со помал обем на работни обврски
- **3.** Да се предвиди за следната година одлука на совет со која ќе го зголемиме наменски основачкиот влог на ЈП Комуналец за докупување на парцела за проширување на гробиштата.
- **4.** Да се закажат седници на Совет за 07.12.2023 предлог годишни оперативни програми за 2024 и 25.12.2023 за носење на Буџетот за 2024 година на општина Крива Паланка.
- **5.** Да се превземат сите непоходни чекори за спроведување на новата организација и реорганизирањето во самата општина со новии одделенија-простории и слично. Одлуки на Совет за измена на годишен план за вработување, интерни огласи и јавни огласи
- **6**. Да се подготват опомени пред тужба кон сите побарувања кои ги има Општина Крива Паланка.
- **7.** Да се разгледа можноста за раскинување на договорот со МГ проект за проектирање

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Задолженија за одделение за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

1. Во следниот период да се направат сите неопходни чекори во насока на новата организација на Општина Крива Паланка, како Одлуки на Совет, измена на Годишен План за вработување, интерни огласи.

-Тековни активности

**<u>Одделение за Локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Задолженија за одделение за локален економски развој и информатичка технологија кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

**1.**.Дасераспише јавна набавка за обезбедување на проектно-техничка документација гран од УНДП доколку има можност и така предвидено со договорот

**2.**Буџетски форум да се запазат роковите на завршување за да има соодветно време за изготовка годишните програми за седница на Совет на 07.12.2023

**3**. Да се комплетираат сите драфт-верзиите на годишните оперативни програми со сите предлози и сугестии.

**4.** Да се објави повик за земјоделец

**5.** Да се организира настан-свечено пуштање во употреба на памп-трак полигон  и да исконтактира со донаторите околу усогласувањето на заеднички термин

**6.** Да се подготви апликацијата за старечки дом до МТСП.

**7.** Да се закаже работен состанок со спортските здруженија

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Задолженија за одделение за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

1. Да се подготви и состави апликацијата за нај еко Еко Општина за 2023 година
2. Да се достави звештај на комуналниот инспектор за теренската активност во село Мождивњаки превземаните мерки
3. Фокус на работата да се стави на доставениот извештај од ЈП Комуналец за приклучок на нови домаќаинства на каналазициона мрежа. Да се организираат заеднички теренски посети на сите можни нови приклучоци кои ќе значат дополнителн извор на финасиски средства.
4. Да се достави писмен извештај од ЈП Комуналец по однос на задолжението за чистење на решетки,канали,пропусти. Доколку сметатте да им се наложи во оваа насока на се што е битно, а незавршено да го завршат во следниот период.
5. Налог до ЈП Комуналец за чистење на пропуст во Бегови Бавчи
6. Меѓуопштинска соработка со Ранковце-дефинирање на услови кои ќе се уредат со Договор.
7. Да се достави до Секретарот на Општината список на сите времени објекти кои се потенцијални за воведување во даночниот систем.
8. Да се достават забелешки до ЈП Комуналец по однос на Програмите за јавна чистота и зеленило каде според првичната верзија има многу недостатоци.

Тековни активности

**<u>Сања Стојановска – Советник за правни работи и застапување</u>**

Задолженија за Сања Стојановска кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

1. Да се испрати честитка до сите новоизберени градоначалници на збратимени и блиски градови од Р.Бугарија (Ќустендил,Дупница и Банско)
2. Да се завршат сите активности во делот на укажани недостатоци за зголемување на транспарентност општина
3. Да се одржи работен состанок со ПР групата на која ќе се договори
   - Нови техники и методи на иновативно рекламирање ( инстаграм стори на личен и општински профил+ комбинација од видео и фото или по нивен предлог)
   - Ажурирање редовно на сите активности кои ќе делат по области и по датуми како по примерот на отчетот:
   - Фото матријал и краток текст со битни информации ( Грозданчо Христовски)
   - Видео матријал ( Виктор Петровски)
   - Ажурирана табела со завршени,поректи во тек на реализација и потпишани договори ( Сања Стојановска и Ирена Белешковска)
   - Редовно и навремено да се проследуваат сите информации и активности на Општината до медиумите ( Лилјана Стојановска )

- Тековни активности

**<u>Драган Цвијовиќ- подршка на градоначалник</u>**

Задолженија за Драган Цвијовиќ кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

1. Логистичка организација на состанокот на Управен одбор на ЗЕЛС на ден 15.11.2023
2. Координација на процесот за репроценка на данок на имот на територија на Општина Крива Паланка
3. Целосно да се превземат сите барања и приемот на странки кои не се лични барања, а се однесуваат на внатрешни постапки и зависат од општината или останати институции.
   Да се кординира со Ивана Ангеловска по однос на сите барања

**<u>ЛУ Градски музеј</u>**

Задолженија за ЛУ Градски музеј кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

-Тековни активности

**<u>ЈП Калин Камен</u>**

Задолженија за ЈП Калин Камен кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Задолженија за ЈП Комуналец кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 14.11.2023 година

СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

**Раководител на одделение Маре Стојановска**

1. Да се исчисти пешачката патека Стара вада
2. Да се започне со кастрење гранки и косење со тример на пешачката патека до Станечки Водопади
3. Да се доврши садењето на љубичици, иститe да се посадат на сводот на општинскиот грб,косината кај Градечки мост,шеширот,градечки мост,парк.
4. Да се исчисти паркот во населба Бавчалк од ѓубре. Исто така од невремето има скршено дрва. Да се исечат и однесат од тука.

5. Да се исчистат сите новоизградени детски катчиња.
6. Да се корегира програмата за јавно зеленило и да се вметнат препораките
7. Да се направи генералка на паркот кај Карчо, тротарските површини од самиот парк до косината на стара Кожара.

РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА Е 17.11.2023. ЗА СИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА ВО ПЕТОК 17.11.2023 да се достави писмен извештај на завршените и сработените работи. Исто така извештај и за работите кои се завршени во текот на оваа недела, а не се зададени како задолжение, а се произлезени од тековните потреби. Заради обемот на задачите доколку нешто не е завршено да се наведе, за да може истата задача се пренесе во следниот месец.

За потребите,обемот на задолженијата затворските работници оваа неедла се ставаат на располагање на овој сектор.
ПОТЕНЦИРАМ ЗАТВОРСКИТЕ РАБОТНИЦИ ДА НЕ СЕ КОРИСТАТ ЗА ДРУГИ РАБОТИ КОИ СЕ ВО ПОМАЛ ОБЕМ И ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДРУГИ СЕКТОРИ.

**НАРЕДБА СО ЗАДОЛЖЕНИЈА**

**13.11.2023 година**

**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА,ПАЗАР И ГРОБИШТА**

**Раководител на одделение Дејан Митровски**

1. Во петок да се организира дневно миење на плоштадот пред Општина, Градскио плоштад, Градскиот Парк.
2. Во населба Бавчалк во паркот од невремето се имаат откорнато дрвја. Да се исечат и да однесат во депонија.
3. Да се продолжи со миење со цистерната на сите површини под контиљерите во централно градско подрачје,автопат,споредни населби каде што не е завршено од претходната недела.
4. Да се исконтактираат компаниите за тракторската метларка, правосмукалките и Брако метларката и за истите да се нарачат нови четкии да се повика сервис.

5.Во сабота и недела задолжително да има по двајца дежурни метлачи за метење на централната градска улица, парк, плоштад.

6.Да се ангажираат уште тројца метлачи со договор на дело за да се покрие теренот. Има недостаток на метлачи каде што не се покрива доволно теренот

7.Да се продолживо денови да се организира чистење на каналите,решетките, сливниците и пропустите на цела територија на Општина Крива Паланка онаму каде што не е завршено. На крај да се достави извештај што е завршено.

8.Да се организира метење на тротоарите на автопат.

**РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА Е 17.11.2023. ЗА СИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА ВО ПЕТОК 17.11.2023 да се достави писмен извештај на завршените и сработените работи. Исто така извештај и за работите кои се завршени во текот на оваа недела, а не се зададени како задолжение, а се произлезени од тековните потреби. Доколку одредено задолжение не е завршено барам да се наведе во извештајот.**

**НАРЕДБА СО ЗАДОЛЖЕНИЈА**

**13.11.2023 година**

1. Да се направи соодветна анализа за покачувањето на сите услуги и останати сметки за септемвриското покачување на платите, истата оваа анализа да се организира **работен состанок со советниците**и да им се презентира истат. **НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ-СОВЕТНИЦТЕ НЕ СЕ ИНФОРМИРАНИ**
2. Да се направи убав табелерен приказ на сите одделенија и на дневна основа да се доставува извештај до директорката и градоначалникот на завршените задолженија и кои лица ја извршуваат.Целта е преку овој начин да се детектираат слабостите и нефукциналноста на претпријатието и ќе се откријат луѓето кои не

   извршуваат никакви работни задачи, а детектираат сериозни месечни трошоци и загуби на претпријатието.

   Службите да направат табеларен преглед на организацијата на претпријатието со опис и попис на работните задачи на секој вработен. За да може да се има убава слика и преглед кој што работи, за да сите оние кои немаат дефенирано работни задачи да се овластат со нови работни задачи.**( ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ НЕ Е ЗАВРШЕНО ПОДОЛГ ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД, ИСТОТО Е НЕОПХОДНО ЗА ФУНЦИОНАЛНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО, ДА СЕ ИЗНАЈДАТ СИТЕ СЛАБОСТИ).**

   **На увид да ми се достави целата организација на претпријатитето со опис и попис на работните задачи на секој вработен поединечно по сектори и одделенија. Исто така барам по однос на ова задолжение да се делегираат нови работни задачи за сите оние вработени кои не се искористени доволно и соодветно со писмено овластување.**
   **ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ НЕ Е ЗАВРШЕНО**
3. **Да се назначи лице кое ќе биде одговорно за теренска проверка и контрола на собeрените или несобeрените контињери.ИСТОТО ЛИЦЕ ЌЕ БИДЕ КОНТРОЛА И НА РАКОВОДИТЕЛИТЕ ЗА НЕИЗВРШЕНИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА)** . Истото лице ќе има задача да прави дневна обиколка и контрола на теренот според распоредот од претходниот ден. Доколку некаде не е поминат теренот и не се собрени контињерите да направи записник со фотографии и да го достави до директорката за превземање на санкции. Исто така да се отвори телефонски број на кој граѓаните ќе можат да пријават непријавено и несоберено ѓубре според неделниот распоред.**ДА СЕ НАЗНАЧИ ВАШЕ ЛИЦЕ ОД ДОВЕРБА КОЕ ЌЕ ВИ РЕФЕРИРА СЕКОЈ ДЕН. Исто така барам да се отвори телефонски јавен број на кој граѓаните ќе можат да пријават непоминат реон и несобрени контињери по неделниот распоред.**

   Се случуваат сериозни намерни пропусти во редоследот на собирањето на смет и ѓубре од контињерите. Исто така дел од контињерите се отпразнуваат половично, не целосно. Да се превземат соодветни мерки.

**БАРАМ ИЗРЕКУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ ЗА СИТЕ ОВИЕ ПРОПУСТИ ВО ИЗМИНАТИОВ И СЛЕДНИОТ ПЕРИОД.**

**ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ НЕ Е ЗАВРШЕНО**

4. Да се нанзачи лице кое ќе биде одговорно и шеф на возен парк.
   За секое возило да се изготви чек листа за редовен сервис со потпис на одговорниот возач и шеф на возен парк.
   **ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ НЕ Е ЗАВРШЕНО**
5. Собирачите на смет и ѓубре да се задолжат со метли за метење на сите површини под контињерите откако ќе ги истресат со ѓубре. Под секој контињер е формирна мини депонија.
   **ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ НЕ СЕ ИЗВРШУВА**
6. **УРГЕНТНО** од денеска и во следниве денови да се организира чистење на каналите,решетките, сливниците и пропустите на цела територија на Општина Крива Паланка. И да се достави извештај што е завршено.
7. Да се исконтактираат компаниите за тракторската метларка, правосмукалките и Брако метларката и за истите да се нарачат нови четки и да се повика сервис.
8. Да се повика сервис за метларката на Брако
9. За викенд не се почитува задолжението да има по двајца дежурни метлачи и се остава улицата halt неметена во период кога имаме постојано паѓање на лисјата.
10. Отварање на телефонски број за поплаки од граѓани за несоберен смет.
    **ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ НЕ Е ЗАВРШЕНО**
11. **Да се направи можност да се превземат во ЈП Комуналецвработените од општина на кои им завршуваат договорите и да се распределат на метење по месечен надомест од 13.000 денари. Има недостаток од метлачи каде што не се покрива теренот.**

-Тековни активности

**14.11.2023 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**